**До:**
**Министерство за локална самоуправа**

Скопје, 11 април 2025 година

**Предмет: Предлог-измени на Законот за локална самоуправа**

Почитувани,

Во име на О2 Иницијатива, Шанса за Центар, Независни за Карпош - За заштита на Карпош ги поднесуваме заедничките предлог измени на Законот за локална самоуправа:

На предложениот Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за за локална самоуправа ги имаме следните забелешки, предлози:

## Минималните стандарди за транспарентност (чл. 8)

- За Член 8, став 2 кој во новиот предлог-закон е изменет и гласи:
  „Министерот надлежен за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа ги пропишува минималните стандарди за транспарентност на општините. “ ***да се замени со***
  „Општината е должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува, на начин и под услови уредени во Кодексот на транспарентност утврден од Министерство за локална самоуправа“.
- (ова е затоа што тој Кодекс веќе постои и нема зошто да се чека повторно министерот да уредува)

## Урбанистичко планирање (чл. 22 став 1 точка 1, да се дополни)

- Суспендирање на урбанистички планови заради неусогласеност или законски нерегуларности
- Усогласување на сите урбанистички плански документи со регулативи за безбедност и спасување, како и еколошките стандарди и стандардите за отпорност, со цел одржлив урбан развој, безбедни и здрави услови за живеење, отпорност на климатски промени, природни и технолошки катастрофи и сеизмичка стабилност;
- Развој и имплементација на урбани и рурални планови за зачувување на животната средина и обнова на деградирани урбани и рурални подрачја преку одржливи решенија, со пренамена и повторна употреба на објекти по принципи на циркуларна економија и зачувување на јавното земјиште;
- Заштита на културното наследство преку плански документи кои вклучуваат зачувување на јавни и приватни културно-историски објекти или споменични целини;
- Заштита на урбаното зеленило преку преку плански документи кои вклучуваат зачувување на јавни и приватни зелени површини, еколошки чувствителни зони или пренамена на зони со зеленило или парковски површини со други;
- Интеграција на принципите на супсидијарност, одржлив развој и добри европски практики во урбанистичкото планирање, со примена на дигитална трансформација и современи урбани решенија за подобрување на квалитетот на живот во градовите и урбаните подрачја;

- Вклучување на транспортни решенија во урбаното планирање, како што се пешачки зони, велосипедска инфраструктура, јавен превоз, урбана логистика и задолжителна анализа на сообраќајот (понудата и побарувачката) и преку дигитални алатки, со фокус на безбедноста на ранливите категории учесници;
- Урбано планирање базирано на дигитални податоци, примена на GIS, дигитални модели на градови, алатки за аналитика и вештачка интелигенција, отворени податоци и електронски системи за издавање дозволи преку BIM со цел транспарентност, и намалување на корупција;
- Планирање на задолжителни јавни простори со пристапност за сите, социјална инклузија, родова еднаквост, безбедност и достапност, со развој на паркови, културни и рекреативни зони;
- Обезбедување на активно учество на граѓаните во процесите на урбано планирање преку можност за анализа на отворени податоци и јавни расправи, учество на стручни лица и академска заедница, јавни анкети и дигитални платформи за консултации.

## Комунални дејности (Чл. 22, став 1 точка 4 да се дополни)

- За Член 22, став 4 кој во новиот предлог-закон е изменет и гласи ***да се додаде тоа што е ставено во црвено***:
  „Комуналните дејности - снабдувањето со хемиски, бактериолошки исправна вода за пиење согласно закон и постоечки правилници; собирањето, ….
- Прогласување на пешачки улици, изградба на велосипедски патеки и стимулирање на алтернативен транспорт.
- Промовирање на зони 30 за зголемена безбедност во населени подрачја, успорување и смирување на сообраќај и задолжителни училишни коридори.

## Спорт и рекреација (чл. 22 став 1 точка 6, дополна)

- Да се додаде поимот „општински“ кај поддршката на спортски сојузи или да се прецизира нивото на поддршка.
- Да се прецизира незаконитоста на основање и финансирање на Акционерски спортски друштва.

## Социјална заштита (Чл. 22, став 1, точка 7)

- За Член 22, став (1) точка 7 кој во новиот предлог-закон е изменет и гласи да се додаде тоа што е ставено во црвено:
  Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки, центри за ран детски развој и домови за стари лица (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); основање на општински совети за социјална заштита и подготовка на социјални планови со инклузивни мерки и активности за социјална заштита и грижа за лицата со попреченост, маргинализираните лица, старите лица и други социјално ранливи лица, децата без родители и родителска грижа, децата со воспитно-социјални проблеми, децата со попреченост, децата од еднородителски семејства, децата на улица, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, превенција, заштита и обезбедување поддршка на жените жртви на родова базирано насилство ~~врз~~ и семејно~~то~~ насилство; подигнување на свеста на населението за темата; домување на лица со социјален ризик; поттикнување на социјалното претприемништво; поттикнување на младинското организирање и учество на младите во процесот на креирање на локалните младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив согласно закон. Вршењето на овие надлежности се во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита;

## Противпожарната заштита (дополна на член 22 став 1 точка 11)

Противпожарната заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици и поттикнување на основање на доброволни противпожарни друштва во општините; Да се додадат мерки за превенција и адаптација

## Инспекција (чл. 22 дополна на ставот (1), дополна)

- Да се додаде поимот општински инспекторат и инспекциски служби и надлежности во сите точки на став 1 од член 22, а согласно со Закон за инспекциски служби, *Член 26 (1) Инспекциските служби се организирани како: алинеја 3) организациски единици за инспекциски надзор во состав на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје – Сектор или одделение за инспекциски надзор*.

## Електронското управување (член 24 дополна во додадена точка 5)

(5) Електронското управување, обезбедувањето на електронски услуги, електронска комуникација со граѓани, и службен емаил како официјална комуникација, користењето и објавување на електронски податоците од надлежност на општината во формат за машинско читање и пребарување, а во согласност со законите. Употреба на технолошки унапредувања и користење информатичка технологија се дозволува во сите надлежности од член 22, со заштита на приватност и лични податоци, особено на ранливи и маргинализирани групи.

Во **Член 29** се додава нов став (3) кој гласи:

Претставките и предлозите за поднесуваат во писмена, електронска форма или усно на записник пред овластено лице во администрацијата.

Во **Член 42** предложениот став (6) се менува и гласи:

Општините ги објавуваат записниците од јавните седници на советот на веб-страницата на општината или на други дигитални канали за јавна комуникација и информирање во рок од пет дена од нивното носење. Записниците се усвојуваат најдоцна две седници по нивното одржување.

се додава нов став (7) кој гласи:

Седниците на советот и седниците на комисиите на советот се пренесуваат во живо преку различни електронски платформи на општината. Видео записите од седниците или линк до нив се објавуваат на веб страницата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје во рок од три дена од одржаната седница.

се додава нов став (8) кој гласи:

Јавноста може да се обрати до советот на почетокот на седницата во времетраење од 15 минути.

Во **Член 43** се додава нов став (4-а) кој гласи:

Општинската администрација е должна да одговори писмено на прашање на членот на советот во рок од 7 дена од денот на приемот на прашањето.

Доколку членот на советот не добие одговор или не е задоволен од добиениот одговор на прашањето, може да им предложи на советот или на градоначалникот на општината, да се

разрешат раководните лица и носители на функции, што ги смета за одговорни за состојбата од која не е задоволен.

се додава нов став (4-б) кој гласи:
Членовите на советот имаат право да ги користат просториите, и документацијата на општината, за извршување на нивните права и должности.

## Надлежности на градоначалникот (Чл. 50, став 1, точка 10)

- Во **Член 50** во ставот (1) точката 10) се менува и гласи:
  „Го известува советот за прашања од негова надлежност најмалку еднаш годишно."
  **Предлагаме да стои**:
  „Го известува советот за прашања од негова надлежност најмалку двапати годишно."
- Во **Член 50** став (1) точка 12) се брише.

## Престанок на мандатот на градоначалникот (Чл. 54-а, измена)

- По член 54 се додава нов член 54-а, кој гласи:
  „Член 54-а - Покренување на прашање за доверба на градоначалникот,
  Став (2) стои: Прашање за доверба на градоначалникот може да се покрене еднаш во мандатот на градоначалникот, но не во првата година и во последната година од мандатот.
  Предлагаме да гласи:
  (2) Прашање за доверба на градоначалникот може да се покрене еднаш во мандатот на градоначалникот, но не во првите 100 дена и во последните 90 дена од мандатот.

## Распуштање на Советот (чл. 75 дополна)

- Советот да може да се распушти ако донесе одлука спротивна на Уставот (чл. 8 алинеа 10)

Ги предлагаме и следните измени и дополнувања на Законот за за локална самоуправа:

Во **Член 7** се додава нов став (2-а) кој гласи:
Општината е должна да го објави Статутот на општината, односно негова пречистена верзија на веб страницата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје.
став (4) се менува и гласи:
Прописите на советот се објавуваат во службеното гласило на општината, пред да влезат во сила. Службеното гласило се објавува на веб страницата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје.

## Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општините (Член 27, став 2 и 3, Член 28 став 2)

- За Член 27 **Собир на граѓани** кој не е предлог на изменит во новиот Предлог закон предлагаме исто да се намалат процентите/роковите и ставовите 2 и 3 да гласат**:**

(2) Собирот на граѓани го свикува градоначалникот на општината по сопствена иницијатива, на барање на советот или на барање од најмалку 5% од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

(3) Органите на општината се должни во рок од 30 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓаните и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

- За Член 28 – **Референдум** предлагаме исто да се намалат процентите и ставовот 2 да гласи**:**:

  (2) Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 10% од избирачите на општината.

Во **Член 36** став (1), по точката 14) се додава нова точка 14-а) која гласи:
Донесува урбанистички планови;

Се додава нова точка 14-б) која гласи:
Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;

Во **Член 39** се додава нов став (3-а) кој гласи:
Кога седниците се свикани на иницијатива на претседателот на советот, на барање од најмалку 1/4 од членовите на советот или членовите на советот сами се состануваат и одржуваат седница, претставници од општинската администрација како поддршка на работа на советот се должни да присуствуваат на седницата.

се менува став (4) и гласи:
Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи и сите материјали за седницата, како и линкот каде може да се следи преносот на седницата, задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата на веб страницата и на каналите на социјалните мрежи на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје.

Во **Член 41** се додава нов став (2-а) кој гласи:
Дневниот ред за седницата на советот го предлага претседателот на советот, а го утврдува советот на почетокот на седницата. Во предлогот на дневниот ред, претседателот на советот ги вклучува сите предлози кои заклучно со денот на свикувањето се доставени до советот од страна на член на советот, работното тело на советот и градоначалникот.

## Советници и вработување (чл. 44)

- Да се преиспита автоматската оставка при вработување на член на совет – заштита на правото на работа.

## Нов член – Етички стандарди

- Градоначалникот и советниците да постапуваат совесно, стручно, чесно и непристрасно, почитувајќиги начелата на законитост, еднаквост, јавност, етичките норми и професионалните стандарди.
- Донесување на етички кодекс за работа на единицата на локална самоуправа и нејзините тела, органи или институции кои ги оснива.

Во **Член 51** во став (2) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „а претседателот на советот е должен да свика седница на која задолжително ќе се разгледува решението.“

## Комисија за односи меѓу заедниците (Чл. 55, став 5, измена)

- Во врска со Член 55 **Комисија за односи меѓу заедниците** нема предложени промени, **став 5** кој сега гласи:
  Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од ставот (4) на овој член и да одлучи во врска со нив

**Предлагаме да гласи:**

(5) Советот на општината е должен да ги разгледа мислењата и предлозите од ставот (4) на овој член и да одлучи во врска со нив во рок од 15 дена.

Се додава нов **член 59-а** Функционална анализа кој гласи:

На секои 6 години се спроведува функционална анализа на општината од надворешна компанија.

## Вработување и застапеност (чл. 59 измена)

- При вработувањето, во општинската администрација и во јавни служби кои ги основала општината ќе се почитуваат критериумите на стручност и компетентност , а ќе се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници застапени во општината.

## Обврски на општинската администрација (Чл. 60, дополна)

Во **Член 60** се додава нов став (3-а) кој гласи:

Обезбедува услови за вршење на функцијата член на советот. На членовите на советот:

- им укажуваат стручна помош во изработувањето на предлозите што тие му ги поднесуваат на советот, односно комисиите на советот, во поставувањето на советнички прашања и во вршењето на други работи што им ги доверил советот, односно работното тело;
- им обезбедуваат дополнителна документација која им е потребна за нивната работа;
- им даваат стручни објаснениja и појаснувања за проблемите на кои тие работат;
- се грижат за обезбедување на технички услови за нивната работа.

- Кај **Член 60** сметаме дека треба да се дополнат обврските на општинската администрација, со точка 9 која ќе гласи:

(9) Ги спроведува општинските програми според планот и динамиката усвоени од Советот.

Во **Член 62** се додава нов став (7) кој гласи:
Сите прописи, статут, деловник за работа на советот, програми, планови, одлуки и други прописи објавени на веб страната на општината се во формат за машинско читање и пребарување со кириличен фонт. Во општините со јазик и писмо кои го користат најмалку 20% од жителите на општината и во формат за машинско читање и пребараување со латиничен фонт.

## Сопственост на општината (Чл. 64, дополна)

- Член 64 - **Сопственост на општината** предлагаме да се дополни со став (4) кој гласи:
  (4) Општината мора да води регистар на целиот имот на општината со опис и тековна пазарна вредност на имотот и да го ажурира еднаш годишно и објавува на веб страната.

## Ревизија над материјалното и финансиското работење (Чл. 72, дополна)

- Кај **Член 72 - Ревизија над материјалното и финансиското работење** став (3) кој сега гласи:
  (3) Конечниот извештај за извршената ревизија се доставува до органите на општината, до министерот надлежен за работите на локалната самоуправа и до министерот за финансии.

Предлагаме **да се дополни став 3** и да гласи:

(3) Конечниот извештај за извршената ревизија се доставува до органите на општината, вклучително и до Советот, до министерот надлежен за работите на локалната самоуправа и до министерот за финансии. Градоначалникот е должен да постапи според наодите и препораките на извештајот за отклонување на сите утврдени неправилности.

## Јавност на ревизија (чл. 72 дополна)

- Конечниот извештај од ДЗР задолжително да се објавува на веб-страницата на општината.

Се додава нова
**ГЛАВА XV**
ТРАНСПАРЕНТНОСТ
**Член 90-а**

(1) Општината, општината во градот Скопје, градот Скопје задолжително има своја веб страница каде е објавен ажуриран список на сите вработени и привремено вработени со нивните контакт информации, телефон, електронска пошта, работно место.

(2) На веб страницата од став (1) се објавени сите донесени урбанистички планови на општината, на сила и вон сила, сите укинати или поништени урбанистички планови. Се објавува текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел на планот.

(3) На веб страницата од став (1) за секој урбанистички план во фаза на донесување е објавена фазата во која се наоѓа.

(4) На веб страницата од став (1) се објавени сите донесени одобренија за градење, согласно законот за заштита на личните податоци. Се објавуваат и информации за поднесени барања за одобрение за градење, со објавување на субјектот, катастарската парцела, градежната парцела, урбанистичкиот план, адресата, согласно законот за заштита на личните податоци.

Се додава нова
**ГЛАВА XVI**
СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ
Надзор над спроведување на Законот
**Член 90-б**
(1) За спроведување на овој закон се грижи органот на државната управа надлежен за работите од областа на локална самоуправа.
(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот инспекторат за локална самоуправа.

Се додава нова
**ГЛАВА XVII**
ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ
Глоби
**Член 90-в**
(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на градоначалникот, ако:
- статутот, негова пречистена верзија, прописите на советот, не се објавени на веб страницата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје (член 7 ставови (2-а), (4));
- не се свика седница во рок од три месеци (член 39 став (1));
- претставници од општинската администрација како поддршка на работа на советот не присуствуваат на седницата (член 39 став (3-а));
- не се објавени денот, часот и местото на одржувањето на седниците на советот, предлогот на дневниот ред, сите материјали за седницата и линкот каде може да се следи преносот на седницата, најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата на веб страницата и на социјалните мрежи (член 39 став (4));
- седниците на советот и седниците на комисиите на советот не се пренесуваат во живо, видео записите и записниците не се објавуваат на веб страницата на општината (член 42 ставови (6) и (7));
- не им се дозволи на членовите на советот користење на просториите, и документацијата на општината (член 43 став (4-б));
- градоначалникот не го објави прописот, не поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд на Република Северна Македонија, не го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа (член 51 ставови (3) и (4));
- не спроведе функционална анализа на општината од надворешна компанија (член 59-а став (1));
- сите прописи, статут, деловник за работа на советот, програми, планови, одлуки и други прописи не се објавени на веб страницата на општината, општината во градот Скопје, градот Скопје во формат за машинско читање и пребарување со кириличен и латиничен фонт (член 62 став (7));

- нема веб страница, нема објавен ажуриран список на сите вработени и привремено вработени со нивните контакт информации, телефон, електронска пошта, работно место, не се објавени урбанистичките планови, фазата во која се наоѓаат, одобренија за градење (член 90-а ставови (1), (2), (3) и (4)).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претставникот на општинската администрација ако не одговори писмено на прашање на членот на советот во рок од 7 дена од денот на приемот на прашањето (член 43 став (4-а)).

(3) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на претседателот на советот ако:

- не ја свика седницата на советот (член 39 став (2));
- во предлог на дневниот ред не ги вклучи сите предлози (член 41 став (2-а));
- не свика седница на која се разгледува решението (член 51 став (2)).

Глава XV станува глава XVIII

Во очекување на прифаќање на забелешките и предлог измените и дополнувања,

Со почит,

Здружение за истражување, едукација и креирање еко политики О2 ИНИЦИЈАТИВА Скопје

Граѓанска иницијатива Шанса за Центар

Граѓанска иницијатива Независни за Карпош - За заштита на Карпош

Лице за контакт: Татјана Чакулев, 077 85 83 83